# СУДИСКИ ПРАВИЛНИК

Скопје, 2021 година

Врз основа на член 22 од Статутот на ЏЏФМ, Извршниот одбор на ден 26.01.2021 година усвои:
СУДИСКИ ПРАВИЛНИК НА ЏИУ ЏИЦА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

**Член 1.**

Со овој правилник се дефинираат правилата за добивање на лиценца, категориите и оценувањето на судиите при ЏЏФРСМ како и нивните права и обврски.

**Член 2.**

Судиите се службени лица на сите Џиу џица натпревари кои се одржуваат во Република Северна Македонија и во странство. Својата работа ја извршуваат спрема "Правилата за судење на ЕЏЏФ и СЏЏФ" како и спрема правилниците и одлуките на ИО при ЏЏФРСМ.

**Член 3.**

Судиите во извршувањето на своите обврски мора да бидат независни, непристрасни и совесни, давајќи пример на чесност и воздржаност. Треба да се воздржуваат од критики за работата на своите колеги, и не треба да се впуштаат во полемики со натпреварувачите, тренерите или публиката.

**Член 4.**

Како службени лица на натпревар должни се да му пријават на Раководителот на судењето,

Раководителот на натпреварот, Делегатот или Организаторот на натпреварот секој прекршок направен од било кое лице за време на натпреварот како би можело да се внеси во извештајот од натпреварот и да се изврши пријава до Дисциплинската комисија на ЏЏФРСМ против лицето кое го направило тој прекршок.

**Член 5.**

Судиска комисија на ЏЏФРСМ

Судиската комисија се основа со одлука на ИО на ЏЏФРСМ. Делокругот на работа на Судиската комисија е:

• Да му помага во работата на Претседателот на Судиската комисија,

• Предлага начини за квалитетно образување на судиите,

• Разгледува и одлучува за висина на судиската такса и надоместоци на кои имаат право судиите,

• Предлага кандидати за полагање на испит за ЕЏЏФ континентална или интернационална лиценца,

• Заедно со Претседателот на Судиската комисија одлучува за казни и санкции на судиите,

• Заедно со Претседателот на Судиската комисија донесуваат план за работа во наредната година.

Судиската комисија на ЏЏФРСМ мора да има најмалку 3 членови, а по потреба може да се прошири со повеќе. Мандатот на членовите на судиската комисија трае 4 години. За член во Судиската комисија не може да биди именувана личност која е кривично казнувана, се води постапка пред официјалните органи на државата или и е изречена дисциплинска мерка од страна на ЏЏФРСМ и таа мерка е сеуште валидна.

Судиската комисија сите свои одлуки ги носи со мнозинство од гласовите и сите одлуки мора да бидат во пишана форма.

Секој член на судиската комисија, кој не се согласува со донесената одлука може своето несогласување да го изнесе преку пишано издвоено мислење, доколку се повредени позитивните правни закони и прописи, и може од ИО на ЏЏФРСМ да побара да се преиспита донесената одлука.

**Член 6.**

Претседател на судиската комисија

Претседателот на Судиската комисија го именува ИО на ЏЏФРСМ, по предлог на Претседателот на ЏЏФРСМ или Спортскиот Директор од листата на кандидати добиена од објавениот конкурс со мандат од 4 години.

За некој да биди именуван за Претседател на судиската комисија мора да ги исполнува седниве услови:

• Да е меѓународен судија или најмалку 4 години активен Национален судија – А лиценца,

• Добро да зборува еден од официјалните јазици во употреба при ЕЏЏФ и СЏЏФ,

• Да е носител на најмалку црн појас 1. DAN.

За Претседател на судиската комисија при ЏЏФРСМ не може да биде именувана личност која е кривично казнувана, се води постапка пред официјалните органи на државата или и е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ и таа мерка е сеуште валидна.

Претседателот на судиската комисија:

• Ги прати промените на судиските правила и за истите правовремено ги запознава судиите, на

редовниот годишен судиски семинар при ЏЏФРСМ или по потреба и на дополнителен вонреден

семинар,

• Ги прати и оценува судиите и контролорите на татами, на натпреварите од календарот на ЏЏФРСМ,

• Ги делегира судиите за сите национални натпревари кои се во календарот на ЏЏФРСМ, во

организација на ЏЏФРСМ.

• Ги делегира судиите кои имаат континентална или интернационална лиценца, за сите меѓународни натпревари во согласност со Правилникот на Судиската комисија од ЕЏЏФ.

• Заедно со членовите на Судиската комисија му предлага на ИО на ЏЏФРСМ кандидати за полагање испит за ЕЏЏФ континентална и интернационална лиценца.

• Заедно со членовите на Судиската комисија му предлагаат на ИО на ЏЏФРСМ, план за работа за

следната година,

• Заедно со членовите на Судиската комисија му предлагаат на ИО на ЏЏФРСМ, правилник за висина на судиската такса и надоместоци на кои имаат право судиите,

• Заедно со членовите на Судиската комисија донесува одлука за казни и санкции на судија или

судии во согласност со утврдените прекршоци на истите.

Претседателот на судиската комисија е воедно и раководител на судењето на натпреварите на кои тој е присутен, во спротивно именува свој заменик како раководител на судењето доколку не е во можност да присуствува на официјалниот натпревар.

**Член 7.**

Категории на судии

Судиите при ЏЏФРСМ се категоризираат според следниве категории на судии:

• ИЏЏФ интернационален судија

• ИЏЏФ континентален судија

• Национален судија – А лиценца

• Национален судија – Б лиценца

• Приправник судија

Судиската комисија доделува оценки за сите судии за квалитетот на нивното судење во тековната година и ја составува конечната ранг листа на судии. Судиите ќе бидат оценувани за секој натпревар од календарот на ЏЏФРСМ кој го судат во текот на годината од страна на Раководителот на судењето на тој натпревар. Оценувањето ќе се изведува на следниот начин: оценките ќе бидат во ранг од 1 – 10 (со една децимално место пример 5.5, 6.0, 7.8, 8.7 итн ...). Сите оценки се собираат и се делат со бројот на судења на тој судија и така се добива просечна оценка.

Судијата со највисока просечна оценка го завзема место број 1, судијата со втора највисока оценка го завзема место број 2, и така редоследно на овај начин ќе се формира конечна ранг листата на судиите при ЏЏФРСМ за тековната година.

Конечна оценка на судиите на натпревар од календарот на ЏЏФРСМ Раководителот на судењето ја доставува до Претседателот на Судиската комисија во рок од 3 дена од завршување на натпреварот. За секој натпревар листата на оценетите судии ќе биде составена и јавно објавена на веб сајтот на ЏЏФРСМ во рок од 7 дена по завршувањето на натпреварот. Судиите чија лиценца е издадена од ЏЏФРСМ кои не се придржуваат кон пропишаните правила од ЏЏФРСМ, ЕЏЏФ и СЏЏФ, можат да бидат санкционирани, казнети или да им биде одземена лиценцата од страна на Судиската комисија, во зависност од тежината на прекршокот. Истото ќе биде применето и важи и за судиите чие социјално однесување за време на натпревар независно дали се делегирани за тој натпревар или се појавиле во друга улога, не е примерено и соодветно на етичкиот кодекс на Џиу џицата посебно доколку има омаловажување на членовите на Судиската комисија и колегите, влегување во конфликтни ситуации, вербални и невербални навреди и закани како и неприфаќање на официјалните одлуки на Судиската комисија и ЏЏФРСМ. Сите судии кои своеволно ќе судат на натпревари кои од било кои причини не се во календарот на ЏЏФРСМ а се одржуваат на територијата на Република Македонија ќе бидат суспендирани и дадени на дисциплинска одговорност и нема да им биди дозволена понатамошна судиска активност се додека не се реши нивниот статус.

**Член 8.**

Услови за добивање категорија ИЏЏФ Интернационален судија

За да кандидатот пристапи на испит за ИЏЏФ интернационален судија, континенталниот судија мора да ги исполни следните услови:

• Да е државјанин на Република Македонија,

• Да не е помлад од 25 ни постар од 55 години,

• Да е носител на најмалку црн појас 1. DAN,

• Да има најмалку 4 години активно судење на меѓународни натпревари организирани од страна на ЕЏЏФ или СЏЏФ,

• Мора да ги исполнува барањата од судиската комисија при ЕЏЏФ / СЏЏФ,

• Да Судиската комисија при ЏЏФРСМ го предложи како кандидат на ИО од ЏЏФРСМ,

• Да не е кривично казнуван и да не му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ,

• Да добро зборува англиски јазик.

• Да е прифатен и предложен од страна на Судиската комисија на ЕЏЏФ,СЏЏФ

Интернационалниот Судија може да суди на сите меѓународни натпревари за кои стекнал услови и ако биди делегиран од страна на ЕЏЏФ, СЏЏФ со одобрение од Судиската комисија од ЏЏФРСМ.

**Член 9.**

Услови за добивање категорија ИЏЏФ Континентален судија

За да кандидатот пристапи на испит за ИЏЏФ континентален судија, мора да ги исполни следните услови:

• Да е државјанин на Република Македонија,

• Да не е помлад од 23 ни постар од 50 години,

• Да е носител на најмалку црн појас 1. DAN,

• Да има четири години лиценца Национален судија – А лиценца и повеќегодишно активно и

успешно судење на националните првенства и натпревари,

• Да Судиската комисија при ЏЏФРСМ го предложи како кандидат на ИО од ЏЏФРСМ,

• Да има судено на најмалку два Европски купови во годината пред полагањето на испитот.

• Да не е кривично казнуван и да не му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ,

• Да добро зборува англиски јазик.

ИЏЏФ Континентален судија може да суди на сите меѓународни натпревари за кои стекнал услови према правилата на ЕЏЏФ со согласност на Судиската комисија од ЏЏФРСМ.

**Член 10.**

Услови за добивање категорија Национален судија – А лиценца

Да би пристапил на испит за Национален судија – А лиценца кандидатот, Националниот судија – Б

лиценца мора да ги исполнува следните услови:

• Да е државјанин на Република Македонија,

• Да не е помлад од 22 ни постар од 50 години,

• Да е носител на најмалку црн појас 1. DAN,

• Да е добро запознат со Судискиот правилник при ЏЏФРСМ,

• Мора да присуствува на судискиот семинар во организација на ЏЏФРСМ и добро да ги познава правилата на судење,

• Да е најмалку 2 години Национален судија – Б лиценца,

• Да не е кривично казнуван и да не му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ.

Кандидатот поднесува барање за полагање на испит пред Судиската комисија на пропишан образец преку канцеларијата на ЏЏФРСМ, Кандидатот кој ќе го положи писмениот тест од

правилата на судење, со најмалку 75% успешност, продолжува со полагање на практичен дел од испитот на некој од турнирите или натпреварите, во претходен договор со судиската комисија. Кандидат кој ќе го положи писмениот тест, и практичниот дел од испитот станува Национален судија – А лиценца, и е должен во рок од 10 дана до канцеларијата на ЏЏФРСМ да достави, две фотографии и да ја уплати пропишаната такса на ЏЏФРСМ за тековната година како би се регулирал неговиот статус во случај да го нема тоа направено претходно.Судиите во својата кариера можат да бидат оценети со различни оценки во склад со прикажаното знаење и перформанси.

Натпреварувачи освојувачи на интернационални медали, категоризирани како врвни спортисти после завршување на нивната кариера доколку сакаат да ја продолжат нивната кариера во Судиската организација, после посетен судиски семинар и извршено полагање можат одма да бидат лиценцирани како Национални судии – А лиценца.

**Член 11.**

Услови за добивање категорија Национален судија – Б лиценца

Да би пристапил на испит за Национален судија – Б лиценца кандидатот, мора да ги исполнува следниве услови:

- Да е државјанин на Република Македонија,
- Да не е помлад од 20 ни постар од 50 години,
- Да е носител на најмалку кафеав појас 1. КЈУ,
- Да е добро запознат со Судискиот правилник при ЏЏФРСМ,
- Мора да присуствува на судискиот семинар во организација на ЏЏФРСМ и добро да ги познава правилата на судење,
- Да не е кривично казнуван и да не му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ,
- Да е најмалку 1 година Приправник судија

Кандидатот поднесува барање за полагање на испит пред Судиската комисија преку канцеларијата на ЏЏФРСМ.

Кандидатот кој ќе го положи писмениот тест од правилата на судење, со најмалку 70% успешност, продолжува со полагање на практичен дел од испитот на некој од турнирите или натпреварите, во претходен договор со судиската комисија.

Кандидат кој ќе го положи писмениот тест, и практичниот дел од испитот станува Национален судија – Б лиценца, и е должен во рок од 10 дана до канцеларијата на ЏЏФРСМ да достави, две фотографии и да ја уплатипропишаната такса на ЏЏФРСМза тековната година какобисе регулирал

неговиот статус во случај да го нема направено тоа претходно. Судиите во својата кариера можат да бидат оценети со различни оценки во склад со прикажаното знаење и перформанси.

Тренери и останати докажани спортски работници, доколку сакаат да ја започнат нивната кариера во Судиската организација, после посетен судиски семинар и извршено полагање можат одма да бидат лиценцирани како Национални судии – Б лиценца.

**Член 12.**

Услови за добивање категорија Приправник судија

Да би пристапил на испит за Приправник судија кандидатот, мора да ги исполнува следниве услови:

• Да е државјанин на Република Македонија,

• Да не е помлад од 18 ни постар од 50 години,

• Да е носител на најмалку плав појас 2. КЈУ,

• Да е добро запознат со Судискиот правилник при ЏЏФРСМ,

• Мора да присуствува на судискиот семинар во организација на ЏЏФРСМ и добро да ги познава

правилата на судење,

• Да не е кривично казнуван и да не му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ,

Кандидатот поднесува барање за полагање на испит пред Судиската комисија преку канцеларијата на ЏЏФРСМ.

Кандидатот кој ќе го положи писмениот тест од правилата на судење со најмалку 65% успешност,

продолжува со полагање на практичен дел од испитот на некој од турнирите или натпреварите, во претходен договор со судиската комисија. Кандидат кој ќе го положи писмениот тест, и практичниот дел од испитот станува Приправник судија, и е должен во рок од 10 дана до канцеларијата на ЏЏФРСМ да достави фотокопија од државјанство, две фотографии и да ја уплати пропишаната такса на ЏЏФРСМ за тековната година како би се регулирал неговиот статус. Судиите во својата кариера можат да бидат оценети со различни оценки во склад со прикажаното знаење и перформанси.

**Член 13.**

Раководител на судењето

Раководител на судењето е лице кое раководи со судењето на натпреварот и по ранг може да биде ИЏЏФ континентален / интернационален или Национален судија - А лиценца. По хиерархија е над контролорите на татами и неговата одлука е повалидна од одлуката на контролорот односно судијата. Раководителот на судењето им дозволува на судиите да работат во склад со

принципот на ''мајоритет'' и интервенира само во екстремни ситуациии при погрешно досудена акција помеѓу белиот и плавиот натпреварувач, при доделување на казна hansoku-make за акции кои се спротивни на духот на џудото или можат да имаат понатамошни последици за натпреварувачот кој ги предизвикал, како и во други исклучителни случаи. По правило, раководител на судењето на сите официјални натпревари е Претседателот на судиската комисија

при Џ ФРСМ или судија кој Председателот на Судиската комисија го одреди за тој натпревар. Тој ги оценува судиите и контролорите кои учествуваат на натпреварот. Раководителот на судењето е задолжен за случувањето на сите татами во оквир на натпреварот. Присуство на раководител на судењето е обврзувачко на сите официјални поединечни национални првенства, на сите официјални екипни национални првенства, како и на натпреварите организирани во рамките на Републичката џиу џица лига.

**Член 14.**

Супервизори и Контролори на судењето

Супервизори се стручњаци во џиу џицу спортот од редовите на врвните натпреварувачи, тренери, делегати и останатите џиу џица стручњаци, кои Председателот на Судиската комисија при ЏЏФРСМ може да ги ангажира на Националните првенства, за да заедно со Раководителот на судењето, ја пратат работата на судиите.

Само во исклучително спорни ситуации со помош на ''care'' системот, супервизорите во соработка со раководителот на судењето ќе реагираат на одлуките на судиите, за да би можеле да се спречат евентуални грешки. Контролори на судењето се судии со меѓународен или национален ранг кои во претходната година биле меѓу најдобро оценувани судии, од страна на Судиската комисија при ЏЏФРСМ.

Контролори на судењето мораат да бидат едуцирани за работа на 'care' системот како би можеле

адекватно да реагираат и со увид во истиот ги спречат грешките на судијата. Контролор на судење е задолжен само за судењето на татамито за кое е делегиран и активно суди и раководи со тоа татами на натпреварот. Раководителот на судењето на предметното натпреварување е задолжен за оценување и контрола на работата на контролорите на судење. Присуство на контролори на судењето е обврзувачко на сите национални натпревари како и на турнирите во организација на клубовите.

**Член 15.**

''Care'' систем

Видео систем со временско каснење ''care'' систем се користи за анализа на спорни ситуации на лице место. Се состои од најмалку една видео камера (широкопојасна), картица за конверзија на видео сигналот и компјутер во кој е веќе инсталиран потребан софтвер. Служи да реалната слика ја прикажи со временско каснење за да може контролорот, раководителот на судењето, супервизорот ја види спорната ситуација, или таа иста ситуација од друг агол со каснење од

неколку секунди. Со работата на ''care’’ системот управуваат судиите, контролорите на судење, и раководителот на судење делегирани за тој натпревар. Прегледување на спорните ситуации на ''care’’ системот мораат да бидат извршени во најкраток можен временски рок тс. Препорачано е да прегледување на спорните ситуации не биде подолго од 30 секунди од моментот на настаната спорна ситуација. Пристап до системот и анализа на спорните ситуации дозволена е само на контролорот на судење и судиите кои судат на тоа татами, без присуство на судијата кој моментално суди на татами, а никако на тренерите, натпреварувачите и судиите од другите татами. Раководителот на судењето само по повик на контролорот или во исклучителни ситуации треба да побара враќање на снимката и ја анализира спорната ситуација. Примена на 'Care' системот е обврзувачка на сите официјални поединечни првенства на Македонија, на сите официјални екипни првенства на Македонија како и на натпреварите организирани во рамките на Републичката џиу џица лига. На сите останати натпревари (турнири) овој систем е пожелен но не е обврзувачки. Раководителите на судење, контролорите на татами и судиите мораат да бидат едуцирани за работа на 'care' системот.

**Член 16.**

Судиски семинар ЏЏФРСМ

Семинарот за стекнување и обновување на судиската лиценца се организира најмалку еднаш годишњо, а го спроведува Судиската комисија при ЏЏФРСМ на чело со Председателот на Судиска комисија при ЏЏФРСМ. Меѓународните, Националните и Приправниците судии се обврзани да присуствуваат на редовниот годишен судиски семинар при ЏЏФРСМ поради продолжување на лиценцата. Да би можеле да присуствуваат на семинарот за продолжување на лиценцата, судиите (национални или приправници) се должни да ја уплатат годишната членарина за лиценцираните судии, на сметката од ЏЏФРСМ пред семинарот. Судиите кои не присуствуваат на судискиот семинар за продолжување на лиценца, не можат да судат на службените, државни и меѓународни натпревари влезени во календарот на ЏЏФРСМ, ниту на натпревари надвор од Република Македонија, се до идниот семинар за продолжување на лиценца.

Судија кој од оправдани причини е спречен да присуствува на семинарот за обнова на лиценца Судиската комисија може да му одобри да присуствува на нареден вонреден семинар и таму да ја продолжи лиценцата доколку се одржи таков, само со писмена потврда за причините за недоаѓање (болест, смртен случај во поблиска фамилија и сл.). Проценката за оправданоста за недоаѓање на судијата на националниот семинар ја врши Судиската комисија при ЏЏФРСМ. Во исклучителни случаи Судиската комисија може да му ја продолжи лиценцата на судија и без да присуствува на семинарот ако оцени дека се оправдани причините и нема друг семинар на кој можи да ја продолжи лиценцата. Ако судија не присуствува на семинарот две години по ред, го губи правото на судење на било кое натпреварување во и надвор од Република Македонија, додека не ја обнови лиценцата и повторно го положи писмениот и видео тестот од правилата на судење, при што претходно стекнатата лиценца му останува во важност. За да можел да присуствува на семинарот за полагање на судиски испит, кандидатот за приправник или национален судија, мора да изврши писмена пријава на пропишан образец и должен е да ја уплати таксата за полагање за судиска лиценца и годишната членарина за лиценцирани судии, на

сметка на ЏЏФРСМ пред семинарот. Потврдата за уплата е должен да му ја покажи на раководителот на семинарот.

Висината на годишна членарина и такса за полагање за судиска лиценца, ја пропишува ИО од ЏЏФРСМ, по предлог на Судиската комисија и е содржана во Правилникот за членарини, такси и надокнади наЏЏФРСМ.

**Член 17.**

Губење на статус судија

Статус на судија се губи или престанува во следниве случаеви:

• Кога ќе наполни 65 година од животот,

• Ако е осуден за кривично дело,

• Ако му е изречена дисциплинска мерка од ЏЏФРСМ во период додека е валидна,

• Доколку е суспендиран од Судиската комисија

• Со одлука на И.О. на ЏЏФРСМ

• На негово писмено барање.

Судијата може да суди на официјалните натпревари вклучувајќи ја и календарската година, во која навршува 65 години. По оваа година тој мора да го заврши судењето, но тој може да помогне во образованието на судиите, и при менторирање на кандидати за добивање судска лиценца како почесен член на Судиската комисија со цел искористување на неговото искуство и авторитет.

**Член 18.**

Судија - тренер и судија - натпреварувач

Судиите кои ја потврдиле лиценцата за тековната година, а истовремено се и тренери во своите клубови, можат истовремено да ја вршат должноста на судија и лиценциран тренер. Судиите кои ја потврдиле лиценцата за тековната година, а истовремено се и сениорски натпреварувачи можат да судат натпревари на возрасни категории од млади деца до јуниори. Судија не може да ја потврди лиценцата за судење при ЏЏФРСМ доколку сака да биди тренер, натпреварувач и судија во тековната година. Тој судија мора на редовниот годишен судиски семинар да се изјасни дали ќе биди освен судија: тренер или натпреварувач, а никако не можи и двете функции плус судија, од кое што изјаснување ќе зависи на кои натпревари ќе биди делегиран. Судиите кои се делегирани за одреден натпревар во исто време не можат да ја обавуваат и функцијата тренер или натпреварувач на предметниот натпревар. Непочитување на овој член од правилникот повлекува суспензија од судење на сите натпревари од календарот на ЏЏФРСМ.

**Член 19.**

Статус на мирување

Судија мора да го стави својот статус во мирување во случај на неспоивост на дожности или функции.

Должност на судија е неспоредлива со должностите на Претседателот и членот на ИО на ЏЏФРСМ,

генерален секретар на ЏЏФРСМ, членовите на ИО на ЏЏФРСМ, НО на ЏЏФРСМ и членовите на дисциплинската

комисија на ЏЏФРСМ. Селектор и национален тренер на ЏЏФРСМ не може да суди на натпревар на којнастапува возрасната категорија на кој е и воедно национален тренер или селектор. Претседателот на судиската комисија при ЏЏФРСМ, или Раководителот на судењето можи да суди на натпревар на кој ја извршува должноста на Раководител на судењето во случај да треба да се замени судија кој не се чувствува добро или во текот на натпреварот прави повеќе грешки или да замени судија да се одмори ако не постои судиска замена. Во случај на одсуство на судија заради привремена работа надвор од земјата или привремена спреченост за работа како последица на подолготрајна болест неговиот статус мирува донеговото враќање.

**Член 20.**

Права и обврски на судиите

На сите натпревари во календарот на ЏЏФРСМ, во организација на ЏЏФРСМ, турнирите од клубовите, кои се одржуваат во Република Македонија судиите се должни да:

• Вршат проверка на тежината на натпреварувачите во согласност со Натпреварувачкиот правилник при ЏЏФРСМ,

• Вршат проверка на идентитетот на натпреварувачите врз основ на прегледот на натпреварувачката книшка или соодветен документ за лична идентификација за натпреварувачи од други држави,

• На натпревар да дојдат во уредна и исправна судиска униформа,

• На натпревар не користат мобилен телефон додека обавуваат должност утврдена со овај

Правилник,

• На натпревар примерено седат и да не се однесуваат непримерено на функцијата која ја

извршуваат,

• Јадат надвор од натпреварувачкиот простор,

• На натпревар дојдат во време назначено при делегирање за судење и да се јават на

Раководителот на судење,

• На сите натпревари доколку условите дозволуваат да не судат на натпреварувачи кои потекнуваат од истиот клуб од каде е и судијата,

• Во случај на неможност да дојди на натпревар, должност е на судијата најмалку 3 (три) дена пред натпревар, писмено за тоа да ја известат Канцеларијата на ЏЏФРСМ и Председателот на судиската комисија, или членовите на судиската комисија при ЏЏФРСМ, а за пократок рок мораат да имаат оправдана причина во смисла на настан кој не може да се предвиди. Во случај да се повтори откажување на судењето, Судиската комисија може да го суспендира тој судија за сите натпревари до крајот на годината,

• Во случај на промена на контакт податоци за тоа ја известат Канцеларијата на ЏЏФРСМ и

Претседателот на Судиската комисија,

• Задолжително да учествуваат на годишниот судиски семинар на ЏЏФРСМ,

• Не можат да го напуштат натпреварот, без одобрување од Раководителот на судење или од него

поставеното претпоставено лице,

На сите натпревари од календарот на ЏЏФРСМ, кои траат 1 ден, судиите имаат право на надокнада на патни трошоци и судиска такса, додека кај натпреварите кои траат 2 или повеќе денови имаат право на: патни трошоци, судиска такса за секој ден на судење и платени трошоци заноќевање и исхрана. Висината на судиските такси е дефинирана по предлог на Судиската комисија и усвоена на ИО при ЏЏФРСМ во согласнот со Правилникот за членарина, такси и надоместоци при ЏЏФРСМ. Во случај на несогласување на судија со контролор или раководителот на судење, судиската комисија при ЏЏФРСМ е првостепено тело, а ИО при ЏЏФРСМ второстепено и донесува конечна одлука по несогласувањето.

**Член 21.**

Облека - униформа на џиу џица судија

Секој џиу џица судија мора да има облека - униформа:

• Сакото мора да биди црно или со темно плава боја, со соодветна големина за комотно

закопчување,

• Панталоните мора да бидат сиви или темно сиви со каиш,

• Кошулата мора да биди бела со можност за закопчување до врат ( дозволено е име на судијата и

националните ознаки - грбови),

• Службена судиска вратоврска од ЏЏФРСМ,

• Амблем за судија од ЏЏФРСМ или ЕЏЏФ

• Црни чорапи.

При топло време дозволено е судење без сако во бела кошула со кратки ракави и вратоврска за кое нешто на лице место одлучува Раководителот на судењето или лицето овластено од него.

**Член 22.**

Казнување на судија

За да некој судија биди казнет претходно мора да се утврди дали се исполнети сите услови за негова несметана работа. За повреда на правилата за судење на националните натпревари и турнири одлука за казнување на судија може да донесе само Судиската комисија при ЏЏФРСМ за сите судии за кои е надлежна и може да ги изрече следниве казни:

• Суспензија на судијата од сите натпревари во календарот на ЏЏФРСМ до 6 месеци во случај на лесна повреда на судиските правила,

• Суспензија на судијата од сите натпревари во календарот на ЏЏФРСМ до 1 година во случај на тешка повреда на судиските правила.

• Суспензија на судијата од сите натпревари во календарот на ЏЏФРСМ и одземање на судиската

лиценца, во случај на драстична повреда на судиските правила и етика, како и кодексот на

однесување.

Лесна повреда на судиските правила се сметаат зачестени грешки при судењето во текот на натпреварот при доделување на резултат или казнување на натпреварувач. Неоправдано каснење на натпревар, неуредна униформа, оддалечување од татами без да знае раководителот на судењето и сл.

Тешка повреда на судиските правила се смета тенденциозно судење борби ''на своите'' натпреварувачи

тс. на натпреварувачите кои потекнуваат од истиот клуб од каде доаѓа и е номиниран судијата, кога судијата тенденциозно донесува одлуки во корист на еден од натпреварувачите, користејќи го своето влијание, а тоа го согледа Раководителот на судењето и го документира. Исто така за тешка повреда на судиските правила се смета ако судијата одбива да прифати и примени одлука на Раководителот на судењето, контролорот или судиската комисија после анализа на одредена ситуација на борба во која се утврди дека погрешил. За тешка повреда на судиските правила се смета и непојавување на судија на натпревар без известување за непојавувањето на Претседателот на судиската комисија или на некој од членовите на судиската комисија било писмено или усно при што е нарушена регуларноста на натпреварот. За тешка повреда се смета ако судијата не дојде на време на вага или на натпревар ако е известен по претходно утврден план за работа. За тешка повреда се смета ако судијата дојди на натпревар во видно алкохолирана состојба или под дејство на наркотици. Во тој случај Раководителот на судење може да донеси одлука да моментално го суспендира судијата од тоа натпреварување, а покасно да

донеси одлука во консултација со судиската комисија за неговата суспензија на подолг рок во согласност со овај член. Тешка повреда се смета непримерено однесување на судија, омаловажување на членовите на судиската комисија и колегите како и неприфаќање на официјалните одлуки на ЏЏФРСМ и Судиската комисија. За тешка повреда се смета ако судијата своеволно суди на натпревари кои не се во календарот на натпревари при ЏЏФРСМ и на кои не ги делегирал Претседателот на Судиската комисија или судиската комисија при ЏЏФРСМ.

Драстична повреда на судиските правила и етика се смета ако судијата влези во вербална или физичка пресметка со колега, натпреварувач, тренер или друго службено лице и се однесува несоодветно на својата позиција и етиката на однесување на судија на натпревар. Драстична повреда на правилата на судење се смета и ако судијата зачестено прави лесни и тешки повреди на правилата на судење и судиската етика.

Сите одлуки за казнување на судијата се во пишана форма и ги доставува до канцеларијата на ЏЏФРСМ претседателот на судиската комисија во име на истата, за да се проследат до ИО при ЏЏФРСМ, дисциплинската комисија и засегнатата страна. Жалба по однос на донесена одлука од Судиската комисија може да се достави во рок од 7 дена од приемот во канцеларијата откако ќе биде уплатена соодветна такса наведена во правилникот за Членарини, такси и надокнади при ЏФРСМ. Второстепен орган кој одлучува по доставена жалба е ИО при ЏФРСМ и неговата одлука е конечна. Одлука за дефинирање на тежината на повредата на судиските правила ја носи исклучиво Раководителот на судење после натпреварот во консултација со судиската комисија и на основ на тоа одлучува за евентуални санкции. За изречените санкции, судиската комисија води евиденција.

**Член 23.**

Делегирање на судии за меѓународни натпревари

На меѓународните натпревари право на учество имаат интернационални и национални судии.

Интернационалните судии можат да присуствуваат на меѓународните натпревари по два основи. Првиот основ е ако се делегирани од страна на судиската комисија на ЕЏЏФ или СЏЏФ како учесници на најголемите континентални и интерконтинентални натпревари. Вториот основ е учество на светските и европските купови и турнири во склад со оценката која ја имаат за таа година, а учеството на интернационалните судии на тие натпревари го одобрува Претседателот на Судиската комисија при ЏЏФРСМ. Во случај на делегирање на нашите меѓународни судии од страна на ЕЏЏФ или СЏЏФ, за судење на натпревари кои се во нивна надлежност (Masters, Grand Slam, Grand Prix, Светски првенства, Европски првенства итн.), се подразбира дека учеството на тие натпревари ќе биде во предност пред националните натпревари од календарот на ЏЏФРСМ (во случај да се поклопуваат датумите на овие натпревари). За сите останати меѓународни натпревари, Председателот на судиската комисија при ЏЏФРСМ ќе делегира учество на нашите меѓународни судии на овие натпревари. Националните судии можат да учествуваат на меѓународните натпревари каде што е тоа можно, а за тоа одлучува организаторот во договор со судиската комисија на ЕЏЏФ или СЏЏФ. Организаторот мора да испрати повик до ЏЏФРСМ за

учество на одреден број судии на тој натпревар. Одлуката за бројот на судии и номинирање на судиите ја носи Судиската комисија при ЏЏФРСМ. Секое учество на национален судија на меѓународни натпревари без одобрување и знаење на Судиската комисија при ЏЏФРСМ ќе се третира како драстична повреда на судиските правила и ќе биде санкционирано со казна која е одредена за овај вид на прекршоци.

**Член 24.**

Делегирање судии за натпревари во календарот на ЏЏФРСМ, организација на клубови и ЏЏФРСМ

За сите национални првенства во сите возрасни категории како и за натпреварите од Републичката џиу џица лига делегирањето на судиите го врши Претседателот на судиската комисија при ЏЏФРСМ во соработка со Судиската комисија при ЏЏФРСМ. За сите турнири или натпревари кои имаат статус на домашни или меѓународни, а кои се во календарот на ЏЏФРСМ делегирањето на судиите го врши Судиската комисија при ЏЏФРСМ во соработка со претседателот, без обзир во кое место се организира натпреварот (турнирот) и кој е технички организатор. Обврска на претседателот на натпреварувачка комисија при ЏЏФРСМ е да ја извести канцеларијата на ЏЏФРСМ на колку татами ќе се организира натпреварот за да може судиската комисија при ЏЏФРСМ да одреди адекватен број квалитетни судии. Забрането е да селекцијата на судии за натпревари ја вршат техничките организатори на натпреварите.

**Член 25.**

Сите судии (интернационални, национални и приправници) обврзани се еднаш годишно да извршат здравствен преглед во Завод за спортска и трудова медицина како би се проверила општата здравствена состојба и психо-физичките способности за да можат да судат во наредната година.

**Член 26.**

Завршни одредби

Овој правилник е изготвен и прилагоден според правилниците на ЕЏЏФ и СЏЏФ. Одредбите од овај правилник ги толкува Судиската комисија од ЏЏФРСМ и ИО од ЏЏФРСМ.

Овој Правилник стапува на сила од денот на негово донесување.

Претседател на џиу џица Федерација на РСМ

Катерина Бошковска